РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр.0901-1383
01.08.2026 год.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 29 и член 38 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.265/24 и 132/25), член 11 од Закон от за музеите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21 и 03/25), член 13 и член 14 од Статутот на ОУ Народен Музеј -Свети Николе бр.01-72/5 од 27.06.2023 година и Измена и дополнување на Статут на ОУ Народен Музеј-Свети Николе бр.01-91/3 од 27.08.2026година,Градоначалникот на Општина Свети Николе објавува:

ЈАВЕН КОНКУРС
за избор на Директор на ОУ
Народен Музеј Свети Николе

Кандидатите кои ќе се пријават на јавниот конкурс за избор на директор на ОУ Народен Музеј Свети Николе треба да ги исполнуват следниве услови :

(1) да е државјанин на Република Македонија/Република Северна Македонија;
2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење професија, дејност или должност;
3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование – Историски науки, Археологија, Етнологија
4) да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
5) да има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (KET) (Cambridge English) положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците кои ги предаваат предметите англиски јазик, француски јазик или германски јазик.

Кандидатите задолжително да доставаат предлог Програма за развој на ОУ Народен Музеј Свети Николе.

Кандидатите треба да ја достават следната документација :

- Доказ за државјанство
- Доказ за завршено високо образование ( диплома или уверение)
- Доказ дека моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Доказ за работно искуство ;
- Доказ дека поседува еден од погоренаведените меѓународно признати сертификати или уверение за познавање на англискиот јазик.
- Достава на предлог Програма за развој на ОУ Народен Музеј Свети Николе за период од четири години

Нето плата 55.893,00 денари

Неделното работно време е 40 часови, со дневно работно време од понеделник до петок од 07:30/08:30 до 15:30/16:30 часот

Потребните документи се поднесуват во оригинал или копија заверена на Нотар.
Рокот за пријавување на јавниот оглас е 8 ( осум ) дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Директорот се избира со мандат од 4 години.

Кандидатите потребните документи ги доставуваат до Управниот одбор на Општинска установа Народен Музеј Свети Николе лично во архивата на установата или по пошта на следната адреса : ул. „Плоштад Илинден“ број 18 со назнака - за јавен конкурс за избор на иректор на ОУ Народен Музеј Свети Николе.

Пристигнатите документи ги разгледува трочлена комисија формирана од Управниот одбор на ОУ Народен Музеј Свети Николе, која е должна во рок од 5( пет) дена од завршувањето на огласот да ги разгледа доставените документи. Комисијата доставува предлог на кандидати за Директор до Градоначалникот .

Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на Директор. Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на Директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Ненавремената, нецелосната и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување.

Општина Свети Николе
Градоначалник
Дејан Владев